# ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ

Приоритети на Демократски сојуз

**МАКЕДОНИЈА ПРИСТОЈНА И УРЕДЕНА ДРЖАВА**

(2024 – 2028)

Скопје, април 2024 година

# ПРИОРИТЕТИ НА ДЕМОКРАТСКИОТ СОЈУЗ (2024 – 2028)

Демократскиот сојуз е автентична политичка партија која е препознатлива по своите политички ставови и цврсто определена за демократија, владеење на правото и севкупен развој и просперитет на Македонија, како суверена и модерна европска држава.

Евроинтеграциските процеси се моторна сила кои ја движат Македонија напред и цврсто сме определени за реформи кои ќе ги отворат вратите за полноправно членство во ЕУ.

Македонија мора да продолжи и со реформите во одбраната согласно стандардите на НАТО и доследно да ги исполнува своите обврски како членка на Алијансата. Македонија е кредибилен партнер на НАТО.

Надворешна политика треба да биде во функција на нашите стратешки и национални интереси и усогласена со политиките на ЕУ и стратешките партнери, пред сè, на САД.

За да се обезбеди забрзан и одржлив развој на Македонија, ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ ќе дејствува на реализација на следните приоритети:

**Прво**, темелни уставни реформи (нов Устав), со кои ќе се етаблира функционална, современа и демократска држава, ќе се зајакне унитарниот карактер на државата, целосна департизација и деполитизација на виталните државни институции, ќе се ослободиме од решенија (Бадентер, Балансер итн.) кои го блокираат демократскиот развој и јакнење на одговорноста на секој граѓанин.

Во оваа насока ќе се направат и коренити промени на изборните правила (Македонија да биде една изборна единица), со цел да се обезбеди демократизација на државата и јакнење на одговорноста на носителите на јавни

функции. Преку измената на Уставот и законите за политичко организирање и дејствување, ќе се демократизираат партиите и другите облици на здружување на граѓаните.

**Второ**, коренити реформи на правосудниот систем, рекомпонирање на Судскиот совет преку начинот на избор на судии и обвинители, ревизија на нивната работа, ограничување на мандатот на 5 или 7 години, со право на реизбор, уставни измени поврзани со кривична одговорност за одлуките што ги носат судиите и независен буџет.

Идентични реформи ќе има и во јавното обвинителство, а предлагаме и донесување Закон за Уставниот суд, транспарентен начин на избор на судии во уставниот суд итн.

**Трето**, системски промени во поставеноста на борбата против тешките облици на криминал, нивна рационализација и формирање на високопрофесионална Агенција за борба против тешките облици на криминал и висока корупција, реформи во поставеноста на службите за безбедност (разузнавање и контраразузнавање) и нивна целосна деполитизација, безбедносни проверки и ветинг за сите вработени, кадровско прочистување и обезбедување плати во висина на платите на обвинители, судии итн.

**Четврто,** реформи во јавната администрација, преполовување на бројот на министерства, агенции, регулаторни тела, укинување на заменици министри, заменици директори на јавни претпријатија, целосна дигитализација на администрацијата, проверка на стручноста на вработените во јавната администрација, професионализација и обезбедување плати согласно сложеноста на задачите кои ги извршуваат итн,.

Предлагаме намалување на бројот на пратеници на 90.

**Петто**, посебна програма за младите, услови за да отвораат бизнис, да создаваат семејства (поволни услови за купување

стан, изградба на куќа и сл.), најмалку 30% од кандидатите за советници, пратеници и други функционерски и раководни места да бидат предвидени за младите до 30-годишна возраст.

**Шесто**, слободна пазарна економија, Македонија да биде информатичка сила, целосна дигитализација, развивање на заштита од сајбер напади, примена на вештачката интелигенција, гасификација, исфрлање на енергенси кои загадуваат, замена на возниот парк со електрични возила итн.

**Седмо**, бесплатно образование (згрижување на децата во детски градинки, предучилишно образование, основно, средно и високо образование, магистериум и докторат), заострување на критериумите и контрола на приватниот образовниот процес, бесплатна здравствена заштита и дисперзија на терцијарната здравствена заштита, како и создавање услови за модернизација и повисоки плати.

**Осмо**, слобода на медиумите и едукација за препознавање лажни вести, формирање фонд за поддршка на медиумите, на младите таленти во уметноста, спортисти итн.

# ИЗБОРНА ПРОГРАМА НА ДЕМОКРАТСКИОТ СОЈУЗ

2024-2028

„МАКЕДОНИЈА - ПРИСТОЈНА И УРЕДЕНА ДРЖАВА“

Дваесет и четири години од постоењето и делувањето на Демократскиот сојуз на политичката сцена, клучните проблеми со кои се соочува Македонија пред изборите во мај 2024 г., и поради кои се основа партијата во далечната 2000 г. остануваат речиси исти. Македонија е длабоко криминализирана држава, а високата корупција на функционери од власта продолжува да ја разјадува државата и да ги уништува шансите за економски и севкупен развој. Во Македонија се уште не владее правото. Судовите и обвинителствата се под силно влијание на владеачките политички и бизнис елити, поради што обичните граѓани многу тешко доаѓаат до правда, а криминалот на власта останува неказнет. Изборниот модел со шест изборни единици е скроен да го монополизира политичкиот систем само на две доминантни политички партии, поради што гласот на граѓаните не е соодветно претставен во Парламентот.

Дваесетгодишното владеење на ДУИ, заедно со двете најголеми македонски партии, ги направи политичките првенци на оваа партија на Албанците недопирливи за органите на прогонот, а нивната наводна битка за рамноправност на албанската етничка заедница, се трансформираше во бескрупулозна етничка и партиско-политичка доминација на кадрите на ДУИ. Имаме силен процес на разградување на државните институции.

Најголемиот проблем за граѓаните е бесперспективноста и несигурноста за својата иднина во државата, поради која

младите продолжуваат драматично да се иселуваат во потрага по пристојни услови за живот, еднакви шанси за работа, за основање семејство, за повеќе правда, почиста животна средина.

На изборите во 2020 г. Демократскиот сојуз настапи во коалиција со СДСМ, со сопствена програма и платформа за декриминализација, системски промени, независно судство, менување на изборниот модел во една изборна единица и рехабилитација на жртвите на политичкиот прогон. За жал, многу брзо почна да станува јасно, дека конкретните законски предлози на Демократскиот сојуз за промена на изборниот модел, за засилена борба против организираниот криминал и високата корупција, за измени и дополнувања на пописот (кој беше одржан во 2021 г. и даде искривени резултати за етничката застапеност), како и други предлози и иницијативи, беа отфрлани или заглавија во фиока односно во т.н. парламентарна процедура, без политичка волја кај СДСМ и ДУИ некогаш да се усвојат.

Прифаќањето на т.н. Францускиот предлог без поширок политички консензус и со вметнување билатерални историски и идентитетски прашања во Преговарачката рамка за отворање на преговорите за членство на Македонија во Европската унија, сериозно ја загрози европската интеграција на земјата и ги доведе во ќорсокак добрососедските односи меѓу Македонија и Бугарија. Владејачкиот СДСМ не покажа слух за компромисните предлози на Демократскиот сојуз за усвојување резолуција во Собранието со која ќе се задолжи Владата да ги исклучи идентитетските теми од евроинтегрирањето. Покрај игнорирањето на сите наши законски предлози, идеи и иницијативи, СДСМ одлучи да ја прошири Владата со Алијансата на Албанците, при што се продолжи со кршењето на Уставот во делот кој бара соодветна и правична застапеност на сите етнички заедници во власта.

Сите овие состојби креирани од ДУИ и СДСМ, беа причина во февруари 2023 г. Демократскиот сојуз да ја напушти Владата и да премине во опозиција.

Програмата на Демократскиот сојуз за периодот од 2024-2028 година, е во духот на долгогодишната платформа на нашата партија. Во неа се концентрираме на шест приоритети за кои сметаме дека се од исклучителна важност Македонија навистина да почне да личи на пристојна и уредена држава, во која граѓаните ќе се чувствуваат слободни, а младите ќе можат да создаваат овде во Македонија.

## 1. ПОЛНОПРАВНО ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ

Демократскиот сојуз е цврсто определен за забрзување на евроинтеграциските процеси, преку реформи и имплементација на европските вредности. Блокадата од Бугарија може да се надмине доколку како држава постигнеме широк граѓански и политички консензус и бидеме доследни на следните работи:

Прво, по приемот во ЕУ, македонскиот јазик да биде официјален во рамките на ЕУ.

Второ, образовните, историските и идентитетските прашања содржани во Преговарачката рамка да не бидат основа за блокада на евроинтеграциите.

Трето, да се обезбеди реципроцитет од страна на Бугарија со признавање на македонското малцинство во Бугарија.

Евроинтеграциите се „моторна сила“ која ги движи демократските процеси,воспоставување ред и владеење на правото,слободна-пазарна економија, образование по

највисоки стандарди, социјална правда и ефикасна борба против тешките облици на криминал и висока корупција.

Во оваа насока неопходна е мобилизација на сите креативни сили,посебно на експертите,невладиниот сектор, медиумите и граѓаните во целина.Во Европската Унија може да бидеме полноправна членка само со посветеност,реформи и работа.

## 2.ТЕМЕЛНИ УСТАВНИ РЕФОРМИ

На Македонија ѝ се неопходни радикални решенија, во прв ред, уставни измени, односно нов Устав, со кој ќе се обезбеди демократизација на државата, елиминирање на партиските влијанија во институциите од јавниот сектор и јакнење на одговорноста на носителите на државни функции. Преку измените во највисокиот законодавен акт и законите за политичко организирање и дејствување, автоматски се создаваат предуслови за внатрешна демократизација на политичките субјекти и другите форми на здружување на граѓаните. Демократскиот сојуз нема дилеми дека етаблирањето на Македонија во современа, функционална и демократска држава, не е можно со поединечни, парцијални, козметички и палијативни измени на постојните законски решенија. Пред сè, неопходно е зајакнување на унитарниот карактер на државата, што подразбира преоценување на серија акти и инструмен типроизлезени од Охридскиот рамковен договор, посебно правилото „Бадентер“ и инструментот „Балансер“.

Еден од најважните сегменти, кој треба да подлежи на уставно преиспитување се меѓуетничките односи, кои претставуваат еден од најважните столбови за опстојување и развој на државата. Македонија е мултиетничко општество во кое по вооружениот конфликт од 2001 г. и потпишувањето на Рамковниот договор, дојде до радикална промена на уставната положба на етничките заедници. За нив во Преамбулата на Уставот се користи фразата – делови од народи, како еуфемизам за она што во светот се нарекува

етнички малцинства. Паралелно, во нормативниот дел од Уставот се користи и фразата – етнички заедници, кои се претставени и во Собранието на Македонија преку Комитетот за етнички заедници. Истовремено е воведено правилото Бадентер, кое се злоупотребува и го кочи развојот на државата.

**Со амандманот 6 на Уставот, кој е решение од Рамковниот договор, воведено е правилото за соодветна и правична застапеност на етничките заедници на сите нивоа на власта**. Ова подразбира дека и во Владата, и на чело на министерствата и на сите други јавни и државни институции треба да има соодветна и правична застапеност на етничките заедници.

За жал, во текот на изминатите два мандати на владеачката коалиција на СДСМ, ДУИ, **дојде до сериозно нарушување на правилото на соодветна и правична застапеност на етничките заедници во Владата, токму на штета на мнозинската етничка заедница – Македонците**. Сепак, амандманот 6 на Уставот е дециден и вели дека соодветната и правична застапеност на етничките заедници треба да биде НА СИТЕ НИВОА НА ВЛАСТА, и сме за ова начело да се почитува.

**Демократскиот сојуз е против доминација на една етничка заедница, без оглед дали станува збор за Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби, Бошњаци или други.** Мнозинската етничка заедница – Македонците почнуваат да се чувствуваат обесправено и продолжувањето на трендот на нејзина маргинализација и триумфалистичко однесување на ДУИ, не доведува во состојба блиска на апартхејд.

**Демократскиот сојуз се залага за воведување сеопфатен и строг мерит систем (систем на заслуги) при вработувањето во државната и јавна администрација.** Без исполнување на високите професионални стандарди –

степен на образование, работно искуство и сл. и полагање на соодветни стручни испити во институцијата која бара кадри, а не во семоќната Агенција за администрација. Етничката припадност не смее да биде главен критериум при вработувањето.

Во оваа насока неопходни се темелни реформи на постојните изборни правила, а тоа во прв ред се однесува на трансформацијата на сегашните шест во една изборна единица, бидејќи една од главните аномалии во македонскиот политички систем, кој предизвикува перманентни кризи и тензии, е партизацијата. Од неа произлегуваат партократијата, клептократијата, клиентелизмот, интеретничката и интраетничката поларизација, корупцијата, нефункционалноста и парализата на институциите на државата. Сето тоа е резултат на системски вграден механизам на фаворизирање и загарантирано владеење само на две политички партии (СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ), плус ДУИ, која (надвор од Уставот) е задолжителен учесник во секоја извршна власт. Крајниот резултат не е владеење на правото, туку право на владеење според партиска припадност, односно „двопартиско едноумие", кое во крајната инстанца се сведува на т.н. „еднопартиски систем".

Од тие причини, Демократскиот сојуз се залага, настојува и инсистира Македонија да биде **една изборна единица со пропорционален изборен модел и со природен изборен праг (0,83 отсто) за избор на пратеник во Парламентот.** Со оваа промена ќе се создадат предуслови за демонтажа на сегашното неодговорно владеење, елиминација на партизацијата, стеснување на просторот за кршење на изборните правила, но и зголемување на одговорноста на власта во делот на водењето грижа за интересите на државата и на граѓаните.

Промената на изборниот модел од шест во една изборна единица со природен изборен праг, за Демократскиот сојуз

претставува една од најзначајните реформи за демократски исчекор на Македонија, за стабилизирање на политичките и економските состојби, а пред сè, за ефикасно справување со партизацијата, клиентелизмот, корупцијата и организираниот криминал. Постојниот изборен модел, преку финансирањето на политичките партии и протекционизмот во нивната медиумска застапеност, произведува и дискриминација на помалите партии, односно нерамноправен третман во политичката конкуренција.

На овие дефекти во македонскиот изборен закон, долго време укажува и меѓународната заедница. Имено, со години наназад ОБСЕ/ОДИХР во извештаите наведуваат серија аномалии во изборните процеси, како што е финансирањето на кампањите, неажурирањето на избирачките списоци, нетранспарентноста на ДИК, дискриминацијата на гласачите, а посебно несоодветниот изборен модел. Последната интервенција е од трети ноември 2022 година, содржана во заклучоците на Советот на ЕУ, во која буквално стои следново: „По локалните избори во октомври 2021 Македонија треба да изврши сеопфатна ревизија на изборното законодавство и да продолжи да ги следи препораките на ОБСЕ/ОДИХР и на Венецијанската комисија“.

## 3. КОРЕНИТИ РЕФОРМИ НА ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ

Владеењето на правото е загрозено поради целосна партизација на институциите, неефикасен судски систем и континуирана политичка интервенција на извршната во судската и во законодавната власт. Со измените на Кривичниот законик (2023 г.), се отфрлија или застареа многу кривични дела со кои носители на јавни функции се гонеа за злоупотреба на службената должност. Неефикасноста и политичкото влијание во судството, недвосмислено се одрази и преку постојаниот пад на довербата на граѓаните во судството, така што последните анкети покажуваат дека процентот на граѓани кои имаат целосна доверба во правосудните органи е сведено на статистичка грешка.

**Судовите и понатаму се под силно партиско влијание, како на структури од поранешната, така и на актуелната власт. Републичкиот судски совет е претворен во моќен политички инструмент за избор и разрешување на судиите, но и институција преку која често препознаваме политички и партиски интереси и притисоци кои се пренесуваат и одразуваат врз изборот на судиите, врз нивното разрешување, како и преку процесот на судење и одлучување.**

**Неопходна е значајна реформа на правосудните органи која мора да започне со ревизија на работата на судиите и обвинителите, а да продолжи со ограничување на нивниот мандат на пет или седум години, со право на реизбор.**

Телото за реформи во правосудството што го формираше Владата, по два обида да профункционира, доживеа вистински неуспех. Правните реформи кои во меѓувреме се спроведоа во насока на институционални гаранции за независност на судството, беа повеќе ад хок, одошто системски осмислени и се покажаа недоволни и неефикасни за ослободување на судството од партиски влијанија. Законот за ветинг, кој остана само во фазата на подготовка со неколку ветувања од актуелната власт дека конечно ќе се постават законски основи за испитување на имотната состојба на судиите, испитување на евентуални влијанија во носењето на судските одлуки, вклучително и работењето на јавните обвинители е процес кој никогаш не започна.

Законот за јавно обвинителство кој беше донесен пред самото распуштање на Парламентот (февруари 2020 г.), имаше цел да го озакони продолжението на кривичниот прогон против лица обвинети од згаснатото СЈО и да испрати позитивен сигнал до Европскиот Совет, пред одлуката за почеток на преговорите за членство на Македонија во Европската Унија, но измените на Кривичниот

законик (септември 2023 г.), буквално го оневозможија секое понатамошно постапување по тие предмети.

Станува сé поочигледно дека мора да се бараат суштински механизми преку кои судскиот систем би бил вистински заштитник на човековите права, но и средство за ограничување на власта. За Демократскиот сојуз нема посуштински механизам, освен искрената намера на сите политички чинители за воспоставување вистински слободно и независно судство, ослободено од партиски влијанија и притисоци.

Како еден од најголемите проблеми, исто така, ги гледаме судските процеси кои предолго траат (бавноста на судовите), тенденциозното одлагање на рочиштата, нееднаквата судска пракса, политизацијата, како и политички монтираните процеси од минатите времиња за кои неправедно осудените не добија сатисфакција.

Во минатиот период, без разлика која структура е на власт се покажа дека одредени судии и обвинители не постапувале според законите, ги ставале предметите во фиока, одработувале директно за одредени политички и бизнис моќници. Таа пракса мора да престане.

Поради тоа, Демократскиот сојуз предвидува **кривична одговорност за злоупотреба на судската и јавно-обвинителската функција.**

**За таа цел потребни се уставни измени со цел да се укине точката 1 на Амандман XXVII, кој вели дека судија неможе да биде повикан на кривична одговорност за искажано мислење и одлучување при донесување на одлуките.** Вака формулирананата уставна одредба од 2005 година им даде можност на судиите за слободно толкување на законите и ги направи дополнително подложни на политички влијанија. Ваквата намера на предлагачот очигледно била да им се овозможи на судиите иста положба

како на пратениците во изразувањето на своето мислење, ставови, позиции и одлуки.

**Демократскиот сојуз ќе обезбеди услови за поефикасно и побрзо судство, реално и структурно ослободено од притисоците на дневната политика. Реформата на судството е клучна за реформа на целото македонско општество.**

**Демократскиот сојуз предлага изборот на обвинители и судии да се врши врз основа на стручност и компетентност, на јавен конкурс, во транспарентна постапка и пред медиумите.**

**Предвидуваме законски измени за да се рекомпонира Судскиот совет и Советот на јавни обвинители.**

**Предлагаме донесување нов закон за Уставниот суд со целосно транспарентен начин за избор на уставни судии.**

**Демократскиот сојуз ќе направи реформа на казнената политика и законодавство. Во текот на минатите четири години, прекршочните казни беа намалени, но потребно е натамошно намалување, пред сѐ, за физичките лица и за фирмите.**

Постојаноста на законите е гаранција за правна сигурност на граѓаните и предуслов за домашни и странски инвестиции.

Сведоци сме дека законските решенија не се носат како резултат на општествените промени или на реалните потреби на граѓаните, туку заради остварување на нечии лукративни интереси. Праксата на носење инстант законски решенија мора да престане. Во Собранието конечно треба да престане праксата на носење закони по итна постапка и тогаш кога тоа не е потребно, а особено треба да се напушти праксата на злоупотреба на европското знаменце за закони кои не се дел од директивите на Европската Унија и не

постои заедничко европско право со кое тие треба да се усогласат.

**Нашата цел е квалитетно законодавство и затоа Демократскиот сојуз ќе воведе транспарентност во процесот на креирање законски решенија во кои ќе бидат вклучени сите релевантни фактори и засегнати страни.**

**Новата власт во Македонија мора да изгради систем со кој ќе гарантира постојаност на системските закони. За тоа предлагаме и уставни и системски промени.**

## 4. ЕФИКАСНА БОРБА ПРОТИВ ТЕШКИТЕ ОБЛИЦИ НА КРИМИНАЛ

Експанзијата на корупцијата, организираниот криминал и спрегата меѓу јавните функционери и мафијата, недвосмислено укажуваат на нефункционалноста, неефикасноста и целосното потфрлање на македонскиот разузнавачко-безбедносен систем. Покрај сеприсутната партизација, причина за парализата на овој исклучително значаен сегмент за стабилноста на државата, безбедноста и сигурноста на граѓаните, е неговата атомизација (раситнетост). Имено, Македонија има повеќе од десеттина безбедносни (полициски, разузнавачки, контраразузнавачки, оперативно-технички, заштитни и антикризни институции), чија кадровска редуцираност и лимитирани финансиски ресурси, оневозможуваат сериозен ангажман и резултати на планот на заштита на безбедноста.

**Оттаму, Демократскиот сојуз е на мислење дека врз основа на стручна и сеопфатна анализа, треба да се редуцира бројот на овие институции, преку нивно меѓусебно интегрирање, или преку целосно укинување на некои од нив.**

Една од најпознатите мега афери со издавање пасоши на припадници на мафијата и лица опасни по безбедноста, само ги потврди оценките дека партизацијата на МВР и на другите безбедносни институции, директно ја загрозуваат националната безбедност и ги блокираат евроинтеграциските процеси. Повеќе од 20 години селекцијата за прием во безбедносните служби ја прават партиите и тие се доминантни при конечната одлука за вработување. При тоа, изостануваат контролни механизми во работата на овие сектори и служби, присутно е одлевање на класифицирани информации до криминалните групи, бизнисмени, а најмногу до политичките партии.

**Демократскиот сојуз предлага целосна кадровска обнова (ремонт) и анализа на можните злоупотреби**, при што како приоритети ги нагласува:

Прво, да се извршат **безбедносни проверки** за сите вработени во МВР и другите безбедносни служби, како на пример, тест за интегритет, здравствената способност, проверка на имотната состојба и досегашната работа и резултатите од работата. Да се забрани членување во политичка партија на припадници на службите за безбедност.

Второ, да се имплементираат **механизми за контрола** на издавањето или одземањето на безбедносни сертификати на лицата вработени во безбедносно – разузнавачките служби.

Трето, да се направи **ревизија** на издадени државјанства, внесени единствени матични броеви, впишувањата во матичните книги на родените, издадени лични карти, возачки и сообраќајни дозволи, дозволи за поседување и носење на оружје, како и издадени обични, дипломатски и службени патни исправи.

Четврто, **да се зајакне** раководниот тим во МВР со врвни професионалци, да се разработат и имплементираат

контролни механизми во работата на сите сектори и МВР да се ослободи од кадрите кои не ги исполнуваат критериумите за работа во оваа институција. Кадровско прочистување е неопходно и во другите служби за безбедност.

Демократскиот сојуз инсистира идната Влада на Македонија, министерот за внатрешни работи, како и другите носители на високи функции во безбедносно- разузнавачките служби, сите овие барања сериозно да ги разгледаат и да подготват планови за нивна реализација.

Покрај овие реформи, Демократскиот сојуз пред пратениците на македонскиот Парламент го претстави Предлог-законот за формирање Агенција за борба против тешките облици на организиран криминал и висока корупција.

Првата фаза од проектот под оригинален назив „Предлог-закон за борба против тешките облици на криминал и висока корупција“, на 14. јуни 2023 година, беше изгласана од пратениците во Собранието на Македонија. Потоа требаше да следи јавна и амандманска расправа, која никогаш не се одржа.

Ова е најкусата хронологија на еден од најпрепознатливите концепти на Демократскиот сојуз познат под акронимот ДЕКРИ (проект за декриминализација), осмислен и објавен во далечната 2005 година, а потоа надградуван во повеќе варијанти и верзии. Делови од него беа „позајмувани“ во програмите на поголемите партии, а подоцна имплементирани во законски решенија. Една од основните поенти на проектот беше да нема застареност за кривични дела од тешките облици на криминал извршени од државни функционери.

Суштинска задача на Агенцијата беше да открива сериозни облици на организиран криминал и тешки кривични дела извршени од функционери, чии штети на државниот буџет надминуваат 100 илјади евра. Предлог-законот

предвидуваше новата Агенција да има надлежност да предлага конфискација на имот стекнат на криминален начин, но и да открива скриен имот во државата и странство на носители на јавни функции, со што ќе предлага негово одземање, а потоа и забрана на политичко дејствување. Со Агенцијата е предвидено да раководи директор со мандат од седум години, кој ќе го избира борд (управен одбор) од 12 лица, а во неа да бидат ангажирани околу 40 професионалци со посебни права и овластувања. За да се обезбеди имунитет од надворешни партиски влијанија, односно независност во функционирањето, во проектот е предвидено бордот да биде составен од професори, новинари, претставници од невладиниот сектор, од Транспаренси Интернешенел, адвокати, по еден член од Јавното обвинителство и Антикорупциската комисија, како и двајца пратеници од власта и опозицијата.

Во предложениот текст беа наведени строги критериуми и безбедносни проверки за да се стане директор или некој да се вработи во планираната институција за борба против тешките облици на организиран криминал и висока корупција, додека кадарот би се вработувал со или без јавен конкурс или со преземање на вработени од други државни институции.

Предлогот на Демократскиот сојуз наиде на одобрување од пошироката, но и од стручната јавност, иако имаше мислења дека надлежностите на новата Агенција ќе се поклопуваат со ингеренциите на постојните безбедносни институции. Исто така, беше наведувано дека во услови на максимална исполитизираност во општеството, постои реален ризик од партиска пенетрација и во самата Агенција. Една од забелешките се однесуваше на процесуирањето на пријавите на Агенцијата, кои би требало да се доставуваат до Обвинителството, што би создало ситуација на “тесно грло“, идентично на предметите кои на Државната комисија за спречување на корупција и на Државниот завод за ревизија.

Сепак, најголем дел од експертите позитивно реагираа на **идејата на Демократскиот сојуз за формирање Агенција за борба против тешки облици на криминал и висока корупција, со оглед на тоа што концептот има за цел да адресира некои македонски познати слабости. Тоа пред сè, се однесува на политичките елити, кои од една страна се мотор на корупцијата и на дел од организираниот криминал, а од друга страна, практично ги блокираат институциите и со политички влијанија и ја попречуваат борбата против криминалот.**

Инаку, вакви независни институции веќе постојат во Обединетото Кралство, во БиХ, во Србија, во Хрватска, во Словенија, во Црна Гора и во други држави. Само во Македонија постоеше и постои отпор да се формира независна институција за борба против организинираниот криминал, која нема да можат да ја контролираат партиите.

## 5. СОЗДАВАЊЕ УСЛОВИ МЛАДИТЕ ДА ОСТАНАТ И РАБОТАТ ВО МАКЕДОНИЈА И АФИРМАЦИЈА НА СЕМЕЈНИТЕ ВРЕДНОСТИ

(Триесет проценти од советници и пратеници за младите до 30 години)

Од осамостојувањето до денес Македонија се соочува со иселување на огромен број млади луѓе кои ја губат надежта, животот и кариерата да ги продолжат овде и својот пат го насочуваат кон Европа и прекуокеанските држави. Овој акутен проблем настанува поради неможноста да се едуцираат на соодветен начин, да најдат работа според квалификациите, да имаат услови за пристоен живот и за основање семејство.

**Демократскиот сојуз има јасен план како да се спречи трендот на иселување кај младите, со подобрување на**

**условите за образование, работа и квалитетот на животот.**

Во делот за образование, **ќе предложиме законски измени и дополнувања за поефикасна имплементација на законот за двојно образование** каде што секој ученик кој е запишан во средно стручно училиште ќе може истовремено и да работи (стажира) во некоја компанија според неговата струка за подоцна тој да биде вработен на таа позиција.

Во тој контекст, Демократскиот сојуз предлага зголемување на износот на студентски кредити наместо стипендии поради поголема стимулација на студентите, зајакнување на автономијата на високообразовните институции преку капитализација, модернизирање и дигитализација на образованието и образовни промени во основното и средното образование во функција на зголемување на професионалноста, автономијата и транспарентноста во образовните институции.

Со активна соработка меѓу државата, работодавачите, Агенцијата за вработување и универзитетите, ќе им помогнеме на младите луѓе што поскоро да станат економски активни граѓани. Секој кој ќе заврши високо образование ќе може една година да работи во приватна или во државна компанија **со плата од 600 евра** од буџетот на државата. Приоритет ќе имаат студентите од информатичката, техничката и медицинската насока.

Демократскиот сојуз предлага креирање посебна државна програма за младите, која би содржела бенефицирани услови за започнување бизнис, поволни кредити (субвенционирани од државата) за купување станови или изградба на семејни куќи, како и законски услов најмалку 30 отсто од кандидадите за советници, пратеници и други јавни функционерски и други раководни места да бидат предвидени за лица до 30-годишна возраст.

Во делот за вработување, Демократскиот сојуз предвидува посебна **Стратегија за вработување и поддршка на младите преку создавање посебен фонд, во кој ќе се слеваат два проценти од Буџетот на Република Македонија**, преку кој ќе се создаваат услови за вработување, решавање на станбените прашања, ќе се обезбедуваат стипендии за спортисти, млади уметници и сл.

За да се охрабрат компаниите да вработуваат млади лица, се предвидува **пауза од 12 месеци за плаќање придонеси за вработување**. Нема да се плаќаат придонеси за сите вработени на возраст од 18 до 24 години. Придонесите за здравствено и пензиско осигурување во износ од шест илјади денари за секој месец, ќе бидат на товар на Буџетот на Република Македонија.

Паралелно со тоа, неопходно е да се **зголемат платите на просветните работници** за мотивација на најквалитетните и најталентираните млади луѓе да се определат за оваа работа и да не ја напуштат земјата, а во делот на здравството треба да се поедностави постдипломското образование и да се намали партиципацијата за специјализација на лекарите, како и условите за едукација на другите здравствени работници.

Студентите што се запишуваат на престижни светски универзитети ќе добијат загарантирани стипендии.

Меѓу останатото, Демократскиот сојуз предлага донесување посебен протокол за превенција, откривање и грижа за менталното здравје и невообичаено однесување во образовната област. Протоколот ќе функционира преку координација и упатување меѓу училиштата, здравствените центри и социјалните услуги, обука на наставници и професионалци, како и нивно прогресивно зголемување.

**За Демократскиот сојуз, семејството е вредност за која мора да се истрае по секоја цена и да не се дозволи да**

**биде загрозена или уништена од новите трендови.** Само пристојни услови за живот, можат да ги поттикнат младите да засноваат семејства и да го продолжат животот во својата држава, со што ја зачувуваат македонската култура и традиција.

Податоците за состојбата со наталитетот во Македонија покажуваат дека нашата земја демографски старее. Општопознато е дека клучна улога за намалениот наталитет имаат економските услови, изразени преку нискиот животен стандард, несигурноста на работното место и зголемените трошоци за живот, кои водат кон загрозување на животната егзистенција на брачните парови, а тоа, пак, влијае на ограничување на бројот на децата. Станбеното прашање, паричните примања и вработеноста се значаен предуслов при носењето одлука за основање семејство.

Приоритет во вработувањето треба да имаат млади брачни парови.

**Предвидуваме поволни бескаматни станбени кредити и грејс период за враќање од 3 години за изградба на куќа или купување на стан за млади брачни парови.**

Освен помош при купување на станбен објект во урбаните средини, Демократскиот сојуз ќе го развие и руралното подрачје преку **изградба на населби со куќи за млади брачни парови и родители**.

За Македонија да биде пристојно место за живеење и во руралните средини, исто така треба да се изградат патишта и водоводи, здравствени и образовни центри, да се стимулираат младите земјоделци кои ќе одлучат да се занимаваат со земјоделие преку субвенции за ефикасна механизација и доделување државно земјиште за обработка на земјоделски производи.

Програмата за урбанизација и развој на руралните средини, Демократскиот сојуз ќе ја заснова според искуствата во Србија и Словенија и политиките на ЕУ (рурален туризам, бенефицирано производство и др.)

**Демократскиот сојуз ќе отвори центар за помош и совет на млади родители и семејства за нивната нова улога во секојдневниот живот.** Тој ќе функционира преку обука на заинтересираните млади родители со поставување едноставен и директен систем на контакт помеѓу родителите, семејствата и бејбиситерите преку онлајн платформа каде што ќе има повеќе услуги.

## 6. ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ПРЕКУ СЛОБОДНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА

И покрај тоа што изминативе години поради последиците од пандемијата на коронавирусот, како и војната во Украина дојде до забавување на економиите во Европа, факт е дека според стапките на економски раст, Македонија е на дното од земјите од Регионот. Уште полоша е состојбата со сиромаштијата, наспроти зголемените социјални издвојувања од буџетот за ранливи категории. Дополнително, поради иселувањето, земјата се соочува со проблемот на недостиг на работна сила, поради што сѐ повеќе се ангажираат работници од странство, претежно од земјите од третиот свет.

За да има стапки на економски раст од најмалку четири до пет проценти кои ќе овозможат  силен економски развој, мора да порасне бројот на мали и средни претпријатија, домашното инвестирање и привлекувањето странски инвестиции, да има ефикасна употреба на достапните ЕУ фондови, кои не се доволно искористени, да се пренасочат финансиските средства од банките и другите финансиски институции кон развојот. Да се дефинираат специфични

развојни проекти, законодавството да биде поефективно и да се имплементираат ефикасни мерки за стимулација.

Буџетот ќе биде во функција на развој на државата при што предвидуваме **понизок буџет за една милијарда евра.**

Предвидуваме **1,5 милијарди евра** за изградба на капитални и инфраструктурни објекти, стимулација на извозот, воведување високи технологии и развој на земјоделието.

Според Демократскиот сојуз, посебно значајно е вложувањето во информатичката технологија и создавањето соодветен кадар кој би можел да одговори на предизвиците на новото време, како што е примената на вештачката интелигенција во сите сфери на животот. Паралелно со тоа, Македонија не смее да го губи чекорот со светските трендови за одржлива (т.н. „зелена“) енергија произведена од обновливи извори, што подразбира постепена елеминација на енергенси и системи кои ја загадуваат природната средина. Меѓу другото, тоа значи субвенционирање на државата кон постепена замена на возилата на електричен погон, во функција на елиминација на сегашниот возен парк на фосилни горива.

Како посебна гранка на економскиот раст, мора да се има предвид дека Македонија има извонредни можности за развој на туризмот, кои не се соодветно искористени изминативе триестина години од независноста на државата. Иако приходите од туризам полека растат, факт е дека нема стратешки вложувања и инвестициии во зимскиот, планинскиот и бањскиот туризам и покрај природните и географските можности што ги нуди нашето поднебје.

Демократскиот сојуз ќе создаде соодветна стратешка рамка за развој на туризмот во Македонија базирано на долгорочна национална развојна стратегија во туристичката индустрија и стратешко планирање со активно учество на сите засегнати страни (идната Влада, надлежните министерства, Комитетот

за туризам, Националната туристичка организација, локалните туристички организации, научно-истражувачките и културните институции, туристичките компании, невладините организации, локалното население итн.)

**Економскиот развој е клучот за надминување на невработеноста и постигнување финансиска стабилност.** Намалувањето на процентот на невработеност, сепак не значи дека бројот на невработените реално се намалува со нивно вработување во реалниот сектор, туку и дека голем дел од невработените млади луѓе заминуваат во странство.

Во делот на развојот на економијата, еден од главните приоритети ќе биде привлекување домашни и странски инвестиции. Тоа посебно се однесува на т.н. „Гринфилд“ и „Браунфилд“ инвестиции, зголемување на соработката меѓу странските инвеститори и домашните компании преку т.н. „Офсет договори“, а пред сè, преку изедначување на условите за инвестирање на странските и домашните компании во слободните економски зони.

**Демократскиот сојуз смета дека е можен динамичен економски развој, само доколку се поттикне инвестирањето на домашните во соработка со странски компании.**

Со оглед на фактот дека 70 отсто од вработеноста се реализира во малите и средни претпријатија, државата мора да ги охрабри и награди претприемачите и амбициозните луѓе кои ги користат своите иницијативи за создавање поволна бизнис клима и да се овозможи постоењето на економски развиена држава.

**Нема економски развој без праведно вреднување на трудот на работникот и борба против сиромаштијата!**

Демократскиот сојуз ќе работи на зголемување на стандардот на граѓаните преку подигнување на вредноста на

трудот на работникот и преку создавање услови за **минимална плата од 500 евра** (30 илјади денари), **најниска пензија од 350 евра** (21 илјада денари), усогласување на социјалната помош со растот на платите и усогласување на пензиите и платите согласно инфлацијата и зголемените животни трошоци.

Демократскиот сојуз како одговор на барањата на голем број граѓани ќе предложи тие на референдум да се изјаснат за промена на работното време.

## 7. СЛОБОДА НА МЕДИУМИТЕ

Демократскиот сојуз е цврсто определен за основните демократски вредности, како што се слободата на говорот, слободата на изразувањето и слободни и професионални медиуми. **Без слободни и високо професионални медиуми, нема демократија, одговорност и правда.**

Според меѓународната организација „Репортери без граници“ која ги мери медиумските слободи во светот, Македонија во 2023 г. се наоѓа на 38. место на ранг-листата од 180 земји и има сериозен напредок, но медиумските слободи како што се вели во извештајот на организацијата *„се загрозени поради структурни проблеми“*.

„Репортери без граници“ забележуваат дека иако *„целокупната средина останува поволна за слободата на медиумите и дозволува критичко известување... транспарентноста на институциите е прилично слаба. Продолжува и тенденцијата, владините функционери да имаат лоши и понижувачки ставови кон новинарите“.*

Со други зборови, состојбата со слободата на медиумите во Македонија и покрај поместувањето напред на листата на Репортери без граници, се уште е незадоволителна. **Медиумите се ранливи и повеќе подложни на политичко влијание и притисоци, а критичките новинари се и натаму жртви на политички дискредитации и закани со физички напади**.

Според оценките на Здружението на новинарите, состојбите со безбедноста на новинарите се делумно подобрени, пред сè, благодарение на фактот што е изменет Кривичниот законик, кој сега ги препознава нападите врз новинарите како напад врз службени лица, кои треба да се решаваат по службена должност и назначен е специјален обвинител одговорен за следење на кривичните предмети што вклучуваат напади врз новинари и медиумски работници.

Ова, за потсетување, беше **предлог на Демократскиот сојуз, кој уште во август 2021 г. повика Владата што побрзо да ги подготви законските измени според кои физички напад на новинар ќе се смета за напад врз службено лице**, а досегашните случаи ќе бидат процесуирани и виновниците соодветно казнети.

Во 2022 година е изменет и Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, со што е ограничена можноста на моќните актери да поднесуваат непропорционални и несериозни тужби против новинарите. Но, иако вкупниот број тужби за клевета поднесени против медиуми и новинари останува низок, се забележува пораст на бројките во минатата година.

Владата на СДСМ и ДУИ не спроведе никаква реформа на јавниот сервис. Македонската радио телевизија функционира со раководни тела и органи – Програмски совет и менаџерски тим кој е избран пред повеќе од една деценија. Иста е состојбата и со Советот за радиодифузија, регулаторно тело во областа на радиодифузните електронски медиуми. Сите

обиди да се промени кадровскиот состав во јавниот сервис и во Советот за радиодифузија беа неуспешни поради наводна блокада во парламентот, но во суштина поради недостиг на политичка волја да се променат состојбите во јавниот сервис.

Медиумскиот плурализам и можноста да се говори слободно во националните медиуми не придонесува за влијанието на медиумите и новинарите врз одговорноста и отчетноста на власта. **Особено е загрижувачки трендот медиуми кои откриваат афери, како ИРЛ – независната истражувачка мрежа, да бидат оцрнувани и јавно дискредитирани од носители на највисоки државни функции, како неверодостојни и дека шират лажни вести.**

Демократскиот сојуз нагласува дека слободата на медиумите е невозможна без финансиски независни и професионални медиуми. За жал, состојбата со финансирањето на медиумите, особено оние на локално ниво, е очајна.

Во пресрет на изборите, Собранието во ноември 2023 г. изгласа измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со кои се отвора пат за државно рекламирање односно Владата да ги финансира националните телевизии преку државни кампањи од јавен интерес. Здружението на новинарите на Македонија беше против ваквите измени, зашто постои опасност од политичко влијание врз медиумите. Сепак, измените беа изгласани со учество на пратеници од власта и од опозицијата.

Клучна улога во едно демократско општество има истражувачкото новинарство. Откривањето злоупотреби, корупција, организиран криминал во редовите на власта и на носителите на високи државни функции и разни други видови прекршување на законите, е од највисок јавен интерес.

Мора да се има предвид дека поддршката на професионалните медиуми претставува моќна брана против

лажните вести и хибридните напади, на кои Македонија жестоко е изложена последнава деценија.

**Оттаму, Демократскиот сојуз предлага воведување посебен Фонд за финансиска поддршка на критичките медиуми и истражувачкото новинарство со средства од буџетот во износ од најмалку два милиони евра, при што парите ќе се делат транспарентно од страна на независно тело составено од професионалци, новинари, претставници на новинарските здруженија и синдикати**.

Демократски сојуз

demokratskisojuz@gmail.com